MACEDONIAN

# ЦЕЛОСНА ЗАМЕНА НА КОЛЕНОТО

# (TOTAL KNEE REPLACEMENT)

Оваа брошува содржи општи информации за операции на целосна замена на коленото. Можеби ќе сакате да го прашате вашиот доктор повеќе прашања пред да се согласите на вашата операција.

Преработено октомври 2011

## Колено (The Knee:)

Зглобот на коленото е составен од 3 коски, и е најголем зглоб во телото. Овие коски се:

- горниот дел на потколеницата (наречен тибија)
- долниот дел на бутната коска (наречена фемур)
- капачка на коленото (патела)




Краевите на овие коски се опкружени од ‘рскавица. Коските се држат на место со лигаменти и тетиви (цврсти ткива како конци).

Остеоартритис е најчестата причина за замена на коленото. Со текот на времето ‘рскавицата на површина на коската во внатрешноста на зглобовите се троши оставајќи груби или искривени краеви на коската. Ова води коската да се трие со коска, предизвикувајќи болка и ограничувајќи го движењето. Коленото не се витка глатко и одењето може да стане тешко.

Операциите за замена на коленото ги заменуваат истрошените површини на зглобовите од коленото. Со операцијата можеби ќе е потребно делумна или целосна замена на зглобовите од коленото. Одлуката помеѓу делумна или целосна замена е донесена од докторот.

Некои од најчестите причини за потреба за замена на коленото вклучуваат да:

- се олесни болката
- се зголеми способноста на коленото да се свиткува
- се поправа некое изобличување
- се поправа оштетено колено
- се поправа подвижноста и стабилноста

Има различни видови на целосна замена на зглобовите од коленото. Вашиот доктор ќе го одбере најсоодветниот вид кој на вас би ви одговарал.

Има 3 главни делови на замена на коленото:

- горниот дел (бутна коска)
- долниот дел (потколеница)
- капачка

Докторот ќе обезбеди вие да ги добиете соодветните големини на деловите за вашите потреби.




**Што треба да направам за да се подготвам за мојата операција на замена на коленото? (What should I do to prepare for my knee replacement operation?)**

**Ноќта пред вашата операција: (The night before your operation:)**

- Треба да се истуширате користејќи антисептичен сапун.
- Немојте да јадете и пиете. Ќе добиете упатства од Приемната Клиника за јадење и пиење.
- Ве молиме немојте да го бричите вашето колено.
- Треба да пробате да одите во тоалетот и да ги користите цревата. Тврда столица може да биде проблем по вашата операција.
- Отстранете било каков лак од ноктите.

**Што ќе се случи со мене на денот на мојата операција?**
**(What will happen to me on the day of my operation?)**

**Пред вашата операција: (Before your operation:)**

- Истуширајте се користејќи антисептичен сапун пред да дојдете на болница.
- Ве молиме следете ги упатствата на лекарството што ви се дадени во приемната клиника.
- Ќе бидете примени во болницата.
- Медицинска сестра ќе ве прегледа.
- Ќе ви биде укажано да се пресоблечете во болничка наметка.
- Ќе треба да отстраните било каква шминка, накит или лак за нокти.
- Ќе бидете прегледани од вашиот анестетичар. Анестетичарот ќе разговара со вас за вашиот анестетик.
- Ќе бидете прегледани од вашиот оптопед.

**По вашата операција: (After your operation:)**
По вашата операција ќе бидете преместени во Одделението за Рехабилитација.  Ќе ви биде даден кислород преку маска. Можеби ќе имате:

- Интравенозна цевка (инфузија) во вашата рака за да ви даде течности, средства против болка и лекарства со антибиотик.
- Мала привремена пластична цевка за дренажа за истекување во вашето колено за да отстрани било каков вишок на течности од вашата рана. Дел од крвта што ја губите во таа цевка можеби ќе може да ви биде вратена користејќи ја инфузијата во вашата рака.
- Мала привремена пластична цевка наречена катетер за да цеди урина од вашата бешика.

Вие вообичаено е да бидете во состојба на опоравување приближно еден час пред да бидете преместени во некое одделение.

**Кога сте во одделението: (When you are on the ward:)**

- Ќе бидете прегледувани редовно од сестрите.
- Ќе ви биде дадено интравенозно лекарство со антибиотик обично за 24 часа.
- Ќе ви бидат дадени да носите чорапи за компресија за да ви помогнат да спречите оформување на крвни грутки во вашата нога.
- Ќе можете да станете од креветот по вашата операција. Физотерапевтите или сестрите ќе ви помогнат.
- Ќе бидете охрабрени да применувате вежби за длабоко дишење и кашлање за да спречите инфекции наградите.
- Ќе бидете охрабрени да применувате вежби на зглобовите (на нозете) и стапалата.
- Вашиот доктор може ќе стави мал катетер во вашето колено во текот на вашата операција. Болничкиот персонал ќе ушприца локален анестетик и лекарство против инфламација во вашиот зглоб на коленото за да помогне против болка.

**Што ќе можам да правам првиот ден по мојата операција?**
**(What will I be able to do on the first day after my operation?)**

- Ќе се измиете во креветот или ќе ви се помогне да се истуширате.
- Може ќе ви биде дадено лекарство за разредување на крвта за да се спречи да не добиете крвни грутки. Ова лекарство ќе го имате во текот на вашиот престој во болницата. Можеби кога сте дома ќе треба да примате лекарство за 14 дена по вашата операција. Сестрите ќе ве научат вас или роднина или пријател да го користите лекарството. Сестрите може исто така да организираат сестра од заедницата да ве посетува да ви го дава вашето лекарство.
- Обично ќе ви биде даден пијалок и лекарство за да се спречи тврда столица. Во текот на вашиот престој во болницата ќе бидете охрабрени да земате лекарство за да се спречи тврда столица.
- Цевката за дренажа на раната ќе биде отстранета и вашата преврска од раната ќе биде променета. Преврската е обично прозирна водоопорна преврска. Можете да се истуширате со вашата преврска.
- Вашата инфузија вообичаено е да биде отстранета. Ќе ви бидат дадени таблети против болка.
- Можеби ќе ви биде понудена ќесичка со мраз за да ви помогне против болка.
- Можеби ќе ви треба трансфузија на крвта. Докторот ќе зборува со вас за тоа ако е потребно.
- Ќе станете од креветот да правите вежби со вашиот физиотерапевт. Физиотерапевтот ќе ви помогне со вежбите за глуждовите и колената и вежбите за длабоко дишење. Многу е важно вежбите редовно да се применуваат.
- Вашиот катетер (ако го имате) ќе биде отстранет.

**Што ќе можам да правам два дена по мојата операција?**
**(What will I be able to do two days after my operation?)**

- Додека сте во болница ќе се туширате наутро.
- Ќе почнете да пешачите во придружба на физиотерапевтот користејќи помагало – рамка за помош при одење.
- Ќе бидете охрабрени да се грижите за себеси колку што е можно повеќе за да ви се помогне да се вратите дома побрзо. Сестрите можат да ви помогнат ако е потребно.
- Професионален терапевт ќе ве научи како да се грижите за себеси. Професионалниот терапевт може да ви покаже како да:
  - Да се истуширате со специјална опрема, на пример, користејќи столица или рачен туш.
  - Да се облечете, вклучувајќи чевли и чорапи.
  - Да мрдате во креветот.
  - Да одите во тоалетот.
  - Да седнувате и станувате од столици.

**Што ќе се случи со мене кога ќе ја напуштам болницата?**
**(What will happen to me when I leave the hospital?)**

- Важно е некој да е достапен да ве однесе дома.
- Ќе ви бидат дадени информации за следни прегледи, упатства за грижа на раната и вашите лекарства за дома.

**Планирање за отпуштање од болница дома**
**(Planning for discharge from hospital to home)**

Ве советуваме да планирате за вашето отпуштање пред вашата операција. Треба да размислувате како да се грижите за себеси штом сте дома. На пример, земете во предвид подготовка и замрзнување на оброци.

Социјален работник е е достапен во болницата за да ви помогне во планирањето на домашна нега ако сметате дека ќе ви треба помош. Ве молиме разговарајте со Персоналот во Одделението за Прием ако сметате дека ќе ви треба помош и ако сакате да зборувате со социјалниот работник.

Составено од: Одделот за оптопедска хирургија, Болница Сутерланд (Department of Orthopaedic Surgery, Sutherland Hospital).